МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
ЗДРУЖЕНИЕ НА ТРАНСФУЗИОЛОЗИ НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
MEDICAL SOCIETY OF TRANSFUSION MEDICINE

# II КОНГРЕС НА ТРАНСФУЗИОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

# II CONGRESS OF MACEDONIAN SOCIETY OF TRANSFUSION MEDICINE

WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION



# КНИГА НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

**ОХРИД, 29.09-02.10.2004**
**OHRID, 29.09-02.10.2004**

UDK-616.61(063) CODEN: MKMPA3 ISBN-9989-37-015-X

| МАК МЕД ПРЕГЛЕД | 58: (СУПЛЕМЕНТ 63) | СТР. 1-297 | СКОПЈЕ | 2004 |
|---|---|---|---|---|

## КОНГРЕСЕН ОДБОР:

Претседател:
Миленка Благоевска

Подпретседатели:
Воскресија Стефановска
Никола Камчев

Секретар:
Анита Христова-Димчева

Членови:
Ристе Дуковски
Нинослав Вељановски
Емилија Велкова
Павлина Герасимова
Ленче Соларова
Јулијана Алексовска
Кире Лазаревски
Татјана Макаровска-Бојаџиева
Јани Ангеловски
Виолета Дејанова
Виолета Петковска
Јасмина Папеш
Јонче Атанасовски
Кире Георгиевски
Јулијана Самоников-Тосеска
Лилјана Поцкова
Марија Алексова
Ристо Маџунков
Миле Баламовски
Лидија Вилос
Виолета Ѓорѓеска
Емилија Кочовска

## CONGRESS COMMITTEE:

President:
Milenka Blagoevska

Vicepresidents:
Voskresija Stefanovska
Nikola Kamcev

Secretary:
Anita Hristova-Dimceva

Members:
Riste Dukovski
Ninoslav Veljanovski
Emilija Velkova
Pavlina Gerasimova
Lence Solarova
Julijana Aleksovska
Kire Lazarevski
Tatjana Makarovska-Bojadzieva
Jani Angelovski
Violeta Dejanova
Violeta Petkovska
Jasmina Papes
Jonce Atanasovski
Kire Georgievski
Julijana Samonikov-Toseska
Liljana Pockova
Marija Aleksova
Risto Madzunkov
Mile Balamovski
Lidija Vilos
Violeta Gjorgjeska
Emilija Kocovska

# 50 ГОДИНИ ОРГАНИЗИРАНО КРВОДАРУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП СО ОЧЕКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД И МОЖНА ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ТРАНСФУЗИОЛОШКАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Камчев Н., Витларова Ј., Иванова Л., Камчева М.
РЕ Трансфузиологија, Медицински центар-Штип, Република Македонија

Доброволното дарување на крв претставува израз на високи етички, хуманитарни, морални и патриотски вредности, но истовремено и граѓанска должност и обврска на секој човек. На 19.03.1953 година започнува со работа Станицата за трансфузија на крв во состав на општата болница во Штип. Постигнатите резултати во изминатите 50 години (19.03.1953 до 2003 г.) се прикажани на Таб. 1 и Граф. 1. Периодот од 50 години организирано крводарување во општина Штип може да се подели во три периоди.

1. Период од основањето на Станицата за Трансфузиологија во состав на општата болница и извршување на работните задачи без лекар специјалист трансфузиолог (19.03.1953 до 01.05.1980 година). Постигнатите резултати се прикажани на Таб.2 и Граф.2.

2. Период од 01.05.1980 до распаѓањето на поранешна СФРЈ (1991г.). Се карактеризира со извршување на работни задачи од 3 доктори специјалисти. Крводарувањето се одвива во работната единица и преку т.нар. мобилни екипи надвор од работната единица трансфузиологија. Постигнатите резултати се прикажани на Таб.3 и Граф. 3. Односот на даруваните крвни единици во работната единица и на терен преку мобилните екипи се прикажани на Граф. 4.

3. Третиот период започнува по осамостојувањето на Република Македонија, а се карактеризира со многу силни политички, економски, социјални и морални потреси во Република Македонија, коишто директно и индиректно доведоа до стагнирање или поточно постојано опаѓање на бројот на остварените крводарувања и напуштање на општествената грижа за крводарителството и статусот на крводарителите. Постигнатите резултати се прикажани на Таб. 4 и Граф. 5 Односот на даруваните крвни единици во работната единица и на терен се прикажани на Граф. 6.

Планираните и остварените крводарувања, остварените крводарувања во РЕ и преку мобилните екипи, бројот на остварените екипи со процент на остварени крводарувања по екипа за периодот од 1979 до 2003 година се прикажани на Таб. 5. На Таб. 6 и Граф. 7 е прикажан односот на крводарувањата по прв пат и повеќе пати, а на Таб. 7 и Граф. 8 се прикажани крводарителите по возраст. На Таб. 8 и Граф. 9 се прикажани крводарителите по пол и односот мажи : жени. Социјалната структура на крводарителите е прикажана на Таб. 9 и Граф. 10.

Прикажани се предизвиците во современето крводарување и можното организирање на Трансфузиолошката служба во Република Македонија во наредниот период.